ДОДАТОК А.3:
ФОРМУЛАР ЗА БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА

<име на Страната корисник>

< адреса на Страната корисник >

Гарантно писмо број:

Почитувани Господа/Госпоѓи,

Според информациите кои ги добивме од <Страната која обезбедува банкарска гаранција> (<адреса на Страната која обезбедува банкарска гаранција>) Вие <име на Страната корисник> имате склучено договор (договор број:....., дата:....., во понатамошниот текст: Договор) со <Страната која обезбедува банкарска гаранција>.

Според соодветните одредби од Договорот За Пристап На Мрежа <Страната која обезбедува банкарска гаранција> треба да обезбеди банкарска гаранција на износ од

_____
(со зборови _____)

(во понатамошниот текст: Износ на гаранцијата) како покритие за цената која треба да ја плати <Страната која обезбедува банкарска гаранција> за Услугите обезбедени од Вас за <Страната која обезбедува банкарска гаранција>.

Врз основа на горенаведената информација неотповикливо гарантираме дека на ваше релевантно барање веднаш ќе го исплатиме износот кој го барате до висина на гарантираниот износ (без оглед на било каков приговор поднесен од <Страната која обезбедува банкарска гаранција>, нас или било која трета страна) доколку изјавите дека <Страната која обезбедува банкарска гаранција> не ја исплатила или ја исплатила само делумно обврската која произлегува од Договорот.

Износот ќе биде платен во рок од 5 (пет) работни дена преку трансфер на сметката која ќе ја наведете во вашето барање.

Според соодветните одредби од Договорот <Страната која обезбедува банкарска гаранција> ќе го обнови ова Гарантно писмо на годишна основа, и ќе го корегира гарантираниот износ кога е потребно. Доколку обновување или промена не влезе во сила ова Гарантно писмо ќе остане на сила 12 (дванаесет) месеци по неговото издавање.

Дата на издавање:

Потпис

(овластен потпис на банката издавач)